# АНА АПОСТОЛСКА





За едни фотографијата е „спомен“, за други „информација“, за трети „универзален јазик“ за некои „око на времето“ или „документ за животот“ ,или „најдемократско средство за изразување“ или пак едноставно „забава“. . .

Откако се појавила за фотографијата се искажани многу зборови, многу мисли, но ни една лоша!

Фотографијата е насушна потреба на современиот човек и уште една негова нова измислица што ја воздигнува до уметност.

Целиот свет ова година слави 150 години од раѓањето на фотографијата (7 јануари 1839) и може да се рече-како што времето се повеќе одминува таа изгледа се подобро и има се повеќе приврзаници.

Домот на младите „25 мај“, со своите скромни можности, се вклучува во ова единствено славје и се надева дека ќе го сврти вниманието, и ќе покаже, со разновидни изложби на фоотграфии, дека и во нашата средина постоеле и постојат личности кои со својата верба во творечките можности на фотографијата се покажале нејзини достојни содругари.

Зорица Лојпур — Богдановска

## ЕНТЕРИЕРИ

Фотографиите на ентериерите, покрај својата долга сликарска традиција, ја применуваат сосема буквално идејата на затворање на просторот во една мрачна кутија.

Токму тука се наоѓа сета опасност.

Зошто тој простор, во кој не повикува фотографијата, поаѓајќи од „стварноста“ што ја фиксира, во суштина е рамна површина која не можеме да ја избегнеме. Таа не фрла во илузионизам кој го сочинува севкупното потекло на фотографијата: Прозорецот на Леонардо Да Винчи и основите на перспективата.

Ако воопшто можеме да зборуваме за просторот тогаш фотографијата на ентериери е само мисловен процес што се воспоставува во главата на набљудувачот со помош на препознатливи елементи: Агол на соба, врата, плафон. . .

Токму во тие неодредени граници на дветри димензии (фиктивни) е изиграна споменатата опасност. Од рамната површина на фотографијата избива тогаш само агол, врата, линии. . . цртеж.

Ана Апостолска

## АНА АПОСТОЛСКА

Родена 1963 год. во Скопје. Од 1981 до 1985 год. студира политички науки и драмски уметности во Белград. 1985 во Париз запишува Факултет за ликовни уметности. Од 1986 год. член е на фото-клуб „ЕЛЕМА“ во Скопје.

### Самостојни изложби

1988 — Изложба на фотографии, „ЕНТЕРИЈЕРИ“ — студии за простор Сречна галерија, СКС—Белград

### Групни изложби

1987 — Републичка изложба на фотографии во Прилеп
1987 — Колективна изложба во Домот на Народна техника, Скопје
1988 — Републичка изложба на фотографии во Битола
1988 — Колективна изложба на фотографија СКОПЈЕ—НИРНБЕРГ, Скопје

Во припрема:
Колективна изложба „Млада скулптура 89“ во Париз.
Колективни изложби во Нирнберг, март и септември 1989.

## ФОТОГРАФИИ

Од циклусот „ЕНТЕРИЕРИ“ — студии за простор

Издавач:
Дом на младите „25 Мај“
Кеј „Димитар Влахов“ б.б.
91.000 Скопје, Југославија
тел. 091/233—401, 233—755, 238—558
за издавачот Гоце Димовски
Сектор за уметничка програма
Одговорен уредник: Лилјана Лијаковска
Ликовна програма, галерија
уредник: Зорица Лојпур-Богдановска
Ана Апостолска, фотографии, 2. II. — 25. II. 1989.
фотографии во каталогот: Бора Рудиќ
печат: Г. З. Гоце Делчев Скопје
тираж 200 примероци

